ПРЕДЛАГАЧ:
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ПРЕТСТАВНИЦИ:

ПОВЕРЕНИЦИ:

# ПРЕДЛОГ НА
# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СМЕТКОВОДСТВОТО ЗА БУЏЕТИТЕ И БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ

Скопје, Ноември 2010

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Број _____
_______ 2010 година
Скопје

ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 91 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија и членовите 132 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог Закон за изменување на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници што го утврди на седницата одржана на _______2010 година.

За претставници на Владата на Република Македонија во собранието се определени министерот за финансии ___________ и заменик министерот за финансии ___________, а за повереници _________________________ од Министерството за финансии.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Никола Груевски

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА НА ВОДЕЊЕТО НА СМЕТКОВОДСТВОТО ЗА БУЏЕТИТЕ И БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ И ПРИЧИНИ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Поради порастот на трошоците поврзани со набавката на долгорочните средства потребно е да се изврши зголемување на износот на вредноста која во моментот на набавка треба да ја имаат овие средства за да истите се класифицираат како ситен инвентар односно се отпишат еднократно.

Постојните казнени одредби на Законот не се усогласени со Законот за прекршоците и истите не содржат одредби со кои е утврдена висината на глобата за сторен прекршок, не постојат одредби за поведување на постапка за порамнување пред поведувањето на прекршочната постапка и не е утврден органот кој ќе ја води прекршочната постапка.

Предлог на Законот е во насока на реализација на дел од мерките за унапредување на казнената политика усвоени од страна на Владата на Република Македонија.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Изменувањето на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници се врши со цел реално да се искаже вредноста на долгорочните средства според која истите се класифицираат како расход и според која ќе се отпишат еднократно односно нема да подлежат на амортизација во текот на нивниот корисен век.

Воедно, со Предлог на Законот се врши усогласување со Законот за прекршоци. Во случаите кога сметководството не се води на начин пропишан со Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и со пропис донесен врз основа на Законот на одговорното лице му се изрекува глоба во износ од 500 до 800 евра во денарска противвредност. Прекршочни санкции се утврдуваат и за одговорниот сметководител, и на ова лице ќе му се изрече единствен износ на глоба доколку во своето работење не постапува согласно одредбите од Законот. Водењето на прекршочната постапка во врска со овие прекршоци ќе ја води надлежен суд. Пред нејзиното поведување на прекршителите ќе им се понуди поведување на постапка за порамнување заради постигнување на согласност на сторителите на прекршоци и надлежните органи за отстранување на штетните последици на сторениот прекршок и спречување на повторно вршење на прекршоци и поради тоа избегнување на водење прекршочна постапка пред надлежниот суд.

Законот чие изменување се предлага се заснова врз начелото за висок степен на одговорност во врска со правилното водење на сметководство.

Основните решенија што се предлагаат се во насока на:

- реално искажување на поединечната набавна вредност на долгорочните средства која се користи како критериум за класифицирање на долгорочните средства како расход кој се отпишува еднократно независно од корисниот век на употреба;

- усогласување со Законот за прекршоци во поглед на висината на глобите, поведувањето на постапката за порамнување и во поглед на дефинирањето на органот кој ќе води прекршочна постапка и ќе ја изрече глобата и

- изрекување глоба при непочитување на одредбите кои се однесуваат на водење на сметководството и на одговорниот сметководител.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За спроведување на Законот што се предлага не се потребни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

## IV.ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Спроведувањето на предложените изменувања и дополнувања на Законот не повлекува обезбедување на финансиски средства ниту повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

**ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СМЕТКОВОДСТВОТО ЗА БУЏЕТИТЕ И БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ**

**Член 1**

Во Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 61/02, 98/02 и 81/05), во член 19 во ставот (8) зборовите "100 ЕВРА " се заменуваат со зборовите "300 ЕВРА".

**Член 2**

Во член 23 зборот "годишната" се заменува со зборот "завршната".

**Член 3**

Во насловот на глава VIII зборот: „КАЗНЕНИ" се заменува со зборот: „ПРЕКРШОЧНИ".

**Член 4**

Членот 30 се менува и гласи:

"Глоба во износ од 500 до 800 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на одговорното лице на буџетите и на буџетските корисници, ако:

1)не води одделно сметководство за средствата остварени во буџетот по други основи (член 3);

2)не обезбедува податоци поединечно по буџетски корисници, по сите видови на приходи и други приливи, за расходите и другите одливи, како и за состојба на средствата, обврските и изворите на средствата (член 4 став 1 и 3);

3)не води сметководство на начин пропишан со овој закон или со пропис донесен врз основа на него (член 5);

4) не ги чува деловните книги до рокот пропишан со овој закон (член 10 став 3);

5)внесувањето на податоците во деловните книги го врши врз основа на неуредна и неверодостојна документација (член 12 став 1);

6)не ги чува сметководствените документи до рокот пропишан со овој закон (член 13 став 2);

7)не врши проценување на билансните позиции на начинот и по постапката пропишани со овој закон или со пропис донесен врз основа на него (член 19 став 2);

8)не ја врши ревалоризацијата според одредбите од овој закон (член 20);

9)не врши усогласување на побарувањата и обврските со состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба што се утврдува со попис на 31 декември (член 21);

10)не ги состави основните финансиските извештаи (член 22 став 1 и 7) и

11)не ги чува основните финансиски извештаи до рокот пропишан со овој закон (член 22 став 6);

12)не ја достави завршната сметка на буџетот до Министерството за финансии во законски определениот рок (член 24 став 3 и член 27 став 3) и

13)не ги достави завршните сметки до Регистарот на годишните сметки при Централниот регистар и до Државниот завод за ревизија во законски определениот рок (член 29). "

**Член 5**

По членот 30 се додаваат два нови члена 30-а и 30-б, кои гласат:

**"Член 30-а**

Глоба во износ од 500 до 800 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на одговорниот сметководител на буџетите и на буџетските корисници, ако:

1) не води одделно сметководство за средствата во буџетот остварени по други основи (член 3);

2)не обезбедува поединечно податоци по сите видови на приходи и на расходи и за состојбата на средствата, обврските и изворите на средствата (член 4 став1);

3)не води сметководство на начин пропишан со овој закон или со пропис донесен врз основа на него (член 5);

4)не ги чува деловните книги до рокот пропишан со овој закон (член 10 став 3);

5)внесувањето на податоците во деловните книги го врши врз основа на неуредна и неверодостојна документација (член 12 став 1);

6)не врши проценување на билансните позиции на начинот и по постапката пропишани со овој закон или со пропис донесен врз основа на него (член 19);

7)не ги чува сметководствените документи до рокот пропишан со овој закон (член 13 став 2);

8)не ја врши ревалоризацијата според одредбите од овој закон (член 20);

9)не врши усогласување на побарувањата и обврските со состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба што се утврдува со попис на 31 декември (член 21);

10)не ги состави основните финансиските извештаи (член 22 став 1 и 7);

11)не ги чува основните финансиски извештаи до рокот пропишан со овој закон (член 22 став 6);

12)не ја достави завршната сметка на буџетот до Министерството за финансии во законски определениот рок (член 24 став 3) и

13) не ги достави завршните сметки до Регистарот на годишните сметки при Централниот регистар и до Државниот завод за ревизија во законски определениот рок (член 29) ."

**Член 30-б**

(1)За прекршоците утврдени во членовите 30 и 30-а од овој закон прекршочна постапка води надлежен суд.

(2)Пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка за прекршоците предвидени со овој закон, ќе се поведе постапка за порамнување согласно Законот за прекршоците."

**Член 6**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија."

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## I.ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ

Со изменување и дополнување на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници ("Службен весник на Република Македонија" број 61/02, 98/02 и 81/05) ќе се обезбеди реално искажување на вредноста според која долгорочните средства се класифицираат како расход кој се отпишува еднократно. Исто така, со измените на Законот се врши негово усогласување со одредбите од Законот за прекршоци во поглед на висината на глобите и во поглед на одредувањето на органот кој ќе ја води прекршочната постапка. Исто така, согласно Законот за прекршоците ќе се поведе постапка за порамнување пред поднесување на барањето за поведување на прекршочната постапка.

Предлог на Законот е во согласност и со дел од утврдените мерки за унапредување на казнената политика.

Со членот 1 се врши измена на член 19 став (8), поради порастот на куповната цена и останатите трошоци за набавка на долгорочните средствата и поради усогласување на висината на набавната вредност согласно која овие средства подлежат на отпис во текот на нивниот корисен век на употреба односно се отпишуваат еднократно. Оттука, вредноста од 100 евра во денарска противвредност се заменува со вредност од 300 евра во денарска противвредност односно поединечната набавна вредност на долгорочните средства сега ќе треба да биде пониска од 300 евра во денарска противвредност за да истите можат да се отпишат еднократно.

Со членот 2 во членот 23 се врши терминолошка замена односно наместо терминот "годишна сметка" се предлага употреба на терминот "завршна сметка".

Во членовите 3, 4 и 5 заради зголемување на ефикасноста на законските одредби се врши усогласување со Законот за прекршоци во поглед на висина на глобите, воведувањето на постапка за порамнување и одредување на надлежен суд за орган кој ја води прекршочната постапка, како и со дел од мерките за унапредување на казнената политика.

Со членот 3 зборот "казнени " се заменува со зборот "прекршочни ".

Со членот 4 од Предлогот на Законот се врши измена во член 30 и паричната казна од 30.000 до 50.000 денари која му се изрекува на одговорното лице на буџетите и буџетските корисници се заменува со износ на глоба од 500 до 800 евра во денарска противвредност односно на одговорното лице ќе му се изрече износ на глоба во денарска противвредност. Глобата се изрекува во случаите кога: не се води одделно сметководство за средствата остварени во буџетот по други основи, не се обезбедуваат податоци поединечно по буџетски корисници, по сите видови на приходи и други приливи, за расходите и другите одливи, како и за состојба на средствата, обврските и изворите на средствата, сметководство не се води на законски пропишаниот начин; деловните книги не се водат на начин определен со Законот; внесувањето на податоците во деловните книги е врз основа на неуредна и неверодостојна документација; деловните книги, сметководствените документи и основните финансиски извештаи не се чуваат до законски пропишаниот рок; не е

извршено проценување на билансните позиции на начин и по постапката пропишани Законот; не се изврши ревалоризација; не е извршено усогласување на побарувањата и обврските со состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба што се утврдува со попис на 31 декември; завршната сметка на буџетот не е доставена до Министерството за финансии во законски определениот рок; не се составени основните финансиските извештаи и кога завршните сметки не се доставени до законски надлежните институции во законски определениот рок.

Со членот 5 се додаваат два нови члена 30-а и 30-б. Со членот 30-а се воведуваат прекршочни санкции и за одговорниот сметководител на буџетите и буџетските корисници односно глоба во износ од 500 до 800 евра во денарска противвредност, кога истиот сметководство нема да го води на начин пропишан со Законот или со пропис донесен врз основа на него; нема да води одделно сметководство за средствата во буџетот остварени по други основи; нема да обезбеди поединечно податоци по сите видови на приходи и на расходи и за состојбата на средствата, обврските и изворите на средствата; деловните книги нема да ги води на законски пропишан; внесување на податоците во деловните книги не го врши врз основа на веродостојни и уредни сметководствени документи; нема да ги чува на деловните книги, сметководствените документи и основните финансиски извештаи до законски пропишаниот рок, проценувањето на билансните позиции нема да го изврши на начинот и по постапката законски утврдени; ревалоризацијата нема да ја изврши според одредбите од Законот или прописите; не го извршил усогласувањето на побарувањата и обврските со состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба што се утврдува со попис на 31; не ја доставил завршната сметка на буџетот до Министерството за финансии во законски определениот рок и кога основните финансиски не ги составил и годишната сметка не ја доставил согласно Законот.

Со членот 30-б ќе се одредува органот кој ќе ја води прекршочната постапка и ќе ја изрекува глобата. Исто така, согласно Законот за прекршоците се овозможува поведување на постапка за порамнување пред поднесување на барањето за поведување на прекршочна постапка.

## II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби се меѓусебно поврзани и постои нивна поврзаност со одредбите од Законот и како такви прават правна целина и се применливи.

## III.ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Наместо досегашната вредност од 100 евра во денарска противвредност долгорочните средства ќе биде потребно при набавката да имаат вредност пониска од 300 евра во денарска противвредност за да бидат класифицирани како расход кој се отпишува еднократно, независно од корисниот век на употреба на средството.

Со Предлог на Законот за сторен прекршок во врска со одредбите за водење на сметководството за одговорниот лице на буџетот или на буџетскиот корисник ќе му се изрекува износ на глоба од 500 до 800 евра во денарска противвредност.

Прекршочни санкции се воведуваат и за одговорното лице на буџетот или на буџетскиот корисник во ист износ на глоба како и за одговорното лице.

Со воведувањето на можноста за поведување на постапка за порамнување пред поднесување на барањето за поведување на прекршочната постапка се овозможува висината на глобата која прекршителот треба да ја плати да се намали за 50%. Исто така, со воведувањето на постапка на порамнување прекршителот добива можност да не се води прекршочна постапка против него пред надлежен суд со што се избегнуваат трошоците поврзани со водењето на прекршочната постапка.

## ИЗВОД НА ОДРЕДБИ
## ОД ЗАКОНОТ ЗА СМЕТКОВОДСТВОТО ЗА БУЏЕТИТЕ И БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ КОИ СЕ МЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

### Член 19

(1) Под проценување на билансните позиции, во смисла на овој закон се подразбира утврдување на вредноста на одделни билансни позиции.

(2) Буџетите и буџетските корисници се должни проценувањето на билансните позиции содржани во главната книга да го спроведат според сметководственото начело на парично искажување.

(3) Долгорочните и краткорочните средства се искажуваат по набавна вредност. Набавната вредност на долгорочните и краткорочните средства ја сочинува куповната цена зголемена за увозни царини, данок на додадена вредност, издатоците за превоз и сите други издатоци кои директно можат да се додадат на набавната вредност, односно на трошоците за набавка.

(4) Паричните средства во благајната и на сметките во домашна валута се внесуваат во главната книга во номинален износ, а во странска валута по курсот на Народната банка на Република Македонија на денот на билансирањето.

(5) Билансните позиции на побарувањата и обврските се признаваат според договорените износи во договорот.

(6) Отписот на вредноста на долгорочните средства се спроведува со праволиниска метода на отпис со примена на годишни стапки пропишани од страна на министерот за финансии.

(7) Основица за отпис на долгорочните средства е набавната, односно ревалоризираната вредност на долгорочните средства.

(8) Долгорочните средства чија поединечна вредност во моментот на набавката е пониска од 100 ЕВРА во денарска противвредност се класифицира како расход кој што се отпишува еднократно независно од корисниот век на употреба.

(9) Исплатите во текот на годината од средствата планирани со Буџетот на Република Македонија за долгорочни и краткорочни вложувања се искажуваат како расход, освен кога е преземена обврска за заедничко вложување.

(10) Одредбите од ставовите (3), (6) и (7) на овој член не се однесуваат на сметководството на Буџетот на Република Македонија и сметководството на буџетите на единиците на локалната самоуправа.

### Член 23

Основните финансиски извештаи, заедно со образложението кон нив ја сочинуваат годишната сметка.

## VIII. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

**Член 30**

Со парична казна од 30.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок одговорното лице на буџетите и буџетските корисници, ако:

1) не води сметководство на начин пропишан со овој закон или со пропис донесен врз основа на него (членови од 2 до 5);

2) не води деловни книги на начин пропишан со овој закон или со пропис донесен врз основа на него (членови од 6 до 12);

3) внесувањето на податоците во деловните книги го врши врз основа на неуредна и неверодостојна документација (член 12 став 1);

4) не го определи лицето кое е одговорно за законитоста и исправноста на сметководствениот документ (член 12 став 5);

5) не ги чува на соодветен и правилен начин деловните книги, сметководствените документи, исправи и финансиски извештаи до рокот пропишан со овој закон или ако за нивното чување не определи одговорно лице (членови 10, 13, 22 став 8);

6) не врши проценување на билансните позиции на начинот и по постапката пропишани со овој закон или со пропис донесен врз основа на него (член 19);

7) не ја врши ревалоризацијата според одредбите од овој закон (член20);

8) не врши попис според одредбите од овој закон (член 21);

9) не ја достави завршната сметка на буџетот до Министерството за финансии во законски определениот рок (член 24 став 3 и член 27 став 3) и

10) не ги составува и не ги доставува финансиските извештаи и завршните сметки (членови 22 и 29).